ГРАНИТ-Скопје

| Примено: | 24-04-2026 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 12 | 2745 | | |

ДО
ГД,,Гранит,,АД Скопје
За Управен одбор

**ПРЕДМЕТ**: Давање предлог листа за избор на членови на Надзорен одбор

Во врска со дневниот ред од објавениот повик за одржување на Собрание на ГД,,Гранит,,АД Скопје за 18.05.2026 година, а врз основа за член 72 од Статутот на ГД,,Гранит,,АД Скопје, доставуваме предлог листа за избор на членови на Надзорниот одбор на Друштвото и тоа:

1. Ивана Милковска – Симева
2. Виолета Божиноска
3. Горан Марковски
4. Александар Стојков - Независен член

Прилог кратка биографија и изјава за исполнување на предвидените критериуми.

Предлогот го даваат акционери со повеќе од 20% од акции со право на глас и тоа:

1.Страшо Милковски со 72.551 акции ____________________

2. Зоран Милковски со 316.144 акции ____________________

3. Мали Хидро Електрани ДОО Скопје со 69.633 акции ____________________

4.Друштво за производство на енергија од обновливи извори ВЕЛАПОН-ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Кавадарци со 47.124 акции ____________________

5.Друштво за производство трговија, услуги и компјутерски активности КОНЕР Компјутери ДОО Скопје со 39.268 акции ____________________

6.Трговско друштво за поставување и поправка на градежни инсталации "Гранит-електрика" Мирко Дооел Скопје со 25.000 акции ____________________

Или Вкупно 569.720 акции кои се 20,56% акции со право на глас.

**Прилог:** Копија од документ за лична идентификација на предлагачите физички лица и тековна состојба за предлагачите правни лица

# КРАТКА БИОГРАФИЈА

# ИВАНА МИЛКОВСКА СИМЕВА

Ивана Милковска Симева е дипломиран инженер архитект со богато професионално искуство и докажан придонес во управувањето со деловни процеси во градежниот сектор. Родена на xx.xx. 1978 година, своето високо образование го стекнува на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на Архитектонскиот факултет.

Својата професионална кариера ја гради во ГД Гранит АД Скопје. Истата ја започнува во 2007 година во ГД Гранит АД Скопје, во рамки на комерцијалниот сектор, каде активно учествува во процесите на набавка, анализа на понуди и соработка со добавувачи. Набргу потоа е ангажирана како советник на Генералниот директор, позиција на која стекнува широко познавање на работењето на друштвото преку подготовка на анализи, информации и координација со раководниот кадар и деловните партнери.

Во 2012 година ја презема функцијата помошник на Генералниот директор, каде има клучна улога во координацијата и контролата на оперативното работење на компанијата. Од мај 2014 година до денес, ја извршува функцијата заменик генерален директор, активно учествувајќи во управувањето со целокупното работење на друштвото и донесувањето стратешки одлуки.

Покрај извршните функции, поседува значајно искуство и во доменот на корпоративното управување. Во периодот од 2008 до 2016 година е член на Надзорниот одбор на ГД Гранит АД Скопје, а во 2016 година е избрана за негов претседател. На 27 март 2024 година беше именувана како член на Надзорниот одбор при Комерцијална Банка АД Скопје. Во своето работење се издвојува со објективен и независен пристап, доследно почитување на законските прописи и корпоративните стандарди, како и со способност за аналитичко согледување и носење аргументирани одлуки.

Покрај мајчиниот македонски јазик, течно ги владее германскиот и англискиот јазик (C1 ниво), за што поседува и меѓународно признати сертификати – Goethe Institute и Oxford College London.

Со своето искуство, професионален интегритет и посветеност, Ивана Милковска Симева претставува значаен дел од раководните структури и придонесува кон стабилен и одржлив развој на компанијата.

# И З Ј А В А

Јас, Ивана Милковска Симева, со адреса на живеење на ул. ************* во Скопје и број на пасош М********* , со оваа Изјава давам согласност да бидам кандидат за член на Надзорен Одбор на ГД Гранит АД Скопје, кој избор ќе се гласа на седница на Собранието на акционерите на Друштвото која ќе се одржи на 18.05.2026 година.

Исто така, под полна материјална, морална и кривична одговорност изјавувам дека немам блокирана сметка кај носител на платен промет, немам изречена забрана за вршење професија, дејност или должност, немам правосилна одлука од надлежен суд за сторено кривично дело лажен стечај, предизвикување стечај со несовесно работење, злоупотреба на постапка за стечај, оштетување или повластување на доверители и немам судир на интереси со Друштвото. Изјавувам дека до верификацијата, односно почетокот на мојот мандат ќе ги обезбедам сите документи кои ќе послужат како доказ на погоре изјавеното. Во спротивно, согласен сум да ги сносам сите направени трошоци кои би настанале како резултат на неисполнувањето на мојата Изјава.

Согласно Законот за трговски Друштва, Кодексот за корпоративно управување на Македонската Берза и Кодексот за корпоративно управување на ГД Гранит АД Скопје, за себе ги давам следниве податоци, со цел истите да бидат достапни за акционерите на Друштвото:

1. Возраст: 48 години
2. Пол: женски
3 Образование: Дипломиран инженер архитект
4. Работно искуство: 19 години
5. Компании во кои е стекнато работното искуство: ГД Гранит АД Скопје.
6. Друштва во кои сум бил или моментално сум член на Управен Одбор, Надзорен Одбор и/или Одбор на Директори: Комерцијална Банка АД Скопје.
7. Број на акции во ГД Гранит АД Скопје: 301.537
8. Број на акции во други Друштва: 100 во Комерцијална Банка АД Скопје, 200 Македонски Телеком, 160 Акции НЛБ Банка АД Скопје и 50% удел во Хидро Холдиг ДОО Скопје
9. Заеми и други обврски кои ги имам кон ГД Гранит АД Скопје: Немам.

Исто така изјавувам и потврдувам дека, имајќи ги во вид сите мои работни обврски и ангажмани, имам доволно простор и времен за да сум активно достапен и конструктивно да учествам во дискусиите и одлучувањето на надзорниот одбор согласно информациите обезбедени во Информациите за членување во Надзорен одбор на ГД Гранит АД Скопје.

Во Скопје, на ден 22.04,2026

Изјавата ја дава:____________________Ивана Милковска Симева

(име и презиме и своерачен потпис)

**Биографија Виолета Божиноска**

**Директор на Сектор за правни, кадрови и општи работи**

Родена на ********** 1957 година во Скопје, своето основно и средно образование го завршува во родниот град. Во февруари 1981 година дипломира на Правниот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, стекнувајќи се со звање дипломиран правник.

Својата професионална кариера ја започнува во септември 1982 година во ГД Гранит АД Скопје, на позицијата референт за самоуправување. Со континуирано унапредување и професионален развој, во април 1987 година е назначена за самостоен референт за самоуправување, а во март 1989 година за виш самостоен референт за самоуправување.

Во октомври 1993 година ја презема функцијата виш самостоен референт за нормативна дејност и правни работи. Во овој период има значајна улога во процесот на трансформација на друштвото, активно учествувајќи во спроведувањето на приватизацијата во 1995 и 1996 година, како и во поставувањето на темелите на Гранит како акционерско друштво. Дополнително, учествува во формирањето на првиот Управен одбор, изработката на деловниците за работа на Управниот и Надзорниот одбор, како и во креирањето на првиот Статут на друштвото.

Во 1997 година е назначена за Директор на Секторот за правни, кадровски и општи работи, формиран преку обединување на дотогашните организациски единици. На оваа позиција активно придонесува кон дефинирање на новата организациска поставеност, изработка на систематизацијата и креирање на клучните политики на друштвото.

Од 1998 до 2020 година е член на Управниот одбор на ГД Гранит АД Скопје. Во рамки на оваа улога активно учествува во управувањето со друштвото, обезбедувајќи доследна примена на законските прописи и интерните акти, како и ефикасна организација и координација на правните, кадровските и општите работи. Во 2020 година е назначена за член на Надзорниот одбор, каде продолжува да ја извршува функцијата на надзор и контрола над работењето и управувањето со друштвото.

Покрај своите извршни ангажмани, поседува и значајно искуство во професионалните здруженија. Од 2005 година е избирана во два мандата за член на Надзорниот одбор на Здружението на правници на Македонија.

Со долгогодишно искуство, високо ниво на професионален интегритет и значаен придонес во корпоративното управување, претставува важен носител на правната и организациската стабилност и развој на друштвото.

# И З Ј А В А

Јас, Виолета Божиноска, со адреса на живеење на ул. *********** во Скопје и број на пасош*********, со оваа Изјава давам согласност да бидам кандидат за член на Надзорен Одбор на ГД Гранит АД Скопје, кој избор ќе се гласа на седница на Собранието на акционерите на Друштвото која ќе се одржи на 18.05.2026 година.

Исто така, под полна материјална, морална и кривична одговорност изјавувам дека немам блокирана сметка кај носител на платен промет, немам изречена забрана за вршење професија, дејност или должност, немам правосилна одлука од надлежен суд за сторено кривично дело лажен стечај, предизвикување стечај со несовесно работење, злоупотреба на постапка за стечај, оштетување или повластување на доверители и немам судир на интереси со Друштвото. Изјавувам дека до верификацијата, односно почетокот на мојот мандат ќе ги обезбедам сите документи кои ќе послужат како доказ на погоре изјавеното. Во спротивно, согласен сум да ги сносам сите направени трошоци кои би настанале како резултат на неисполнувањето на мојата Изјава.

Согласно Законот за трговски Друштва, Кодексот за корпоративно управување на Македонската Берза и Кодексот за корпоративно управување на Г Д Гранит АД Скопје, за себе ги давам следниве податоци, со цел истите да бидат достапни за акционерите на Друштвото:

1. Возраст: 68 години
2. Пол: женски
3. Образование: Дипломиран правник
4. Работно искуство: 43 години
5. Компании во кои е стекнато работното искуство: ГД Гранит АД Скопје.
6. Друштва во кои сум бил или моментално сум член на Управен Одбор, Надзорен Одбор и/или Одбор на Директори: /
7. Број на акции во ГД Гранит АД Скопје: 48532
8. Број на акции во други Друштва: /
9. Заеми и други обврски кои ги имам кон ГД Гранит АД Скопје: Немам.

Исто така изјавувам и потврдувам дека, имајќи ги во вид сите мои работни обврски и ангажмани, имам доволно простор и времен за да сум активно достапен и конструктивно да учествам во дискусиите и одлучувањето на надзорниот одбор согласно информациите обезбедени во Информациите за членување во Надзорен одбор на ГД Гранит АД Скопје.

Во Скопје, на ден 21.04.2026

Изјавата ја дава:____________________Виолета Божиноска

(име и презиме и своерачен потпис)

**Кратка биографија**

**Горан Марковски**

Горан Марковски е роден xxxx. 1975 во Скопје. Во 1999 година дипломира на Економски факултет во Скопје, на отсек Финасиски менаџмент и сметководство. Во 2002 година магистрирал на истиот факултет, на тема: „Инвестиционите фондови и нивните перспективи во Република Македонија“. Во 2006 година се стекнал со CFA сертификат, како и дозвола за портфолио менаџер издадена од КХВ на Србија. Од 2008 поседува дозвола за инвестиционен советник издадена од КХВ на Македонија. Од 1999 до 2002 година работи во Комерцијална банка АД Скопје како службеник за односи со клиенти, во Секторот за кредитирање на стопанство. Од 2002 до 2005 година работи како финансиски аналитичар во КБ Брокер. Од 2005 до 2008 година работи како директор на дирекцијата за работа со останати финансиски инструменти, каде што во најголем дел од активностите се насочени кон старателските сметки како и кон портфолиото на хартии од вредност на Банката. Во 2007 работи во Фокусинвест АД Белград како портфолио менаџер на еден од првите инвестициски фондови во Србија. Од 2008 година работел како Директор на дирекцијата за вршење услуги со хартии од вредност . Од 2008 до 2011 беше член на Одборот на директори на Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје. Од почетокот на 2009 година е главен извршен директор на КБ Инвест АД Скопје- Друштво за управување со инвестициски фондови. Од јуни 2016 година до април 2025 година беше член на Надзорниот одбор на Гранит АД Скопје. Од јуни 2016 година до јуни 2019 година беше член на Надзорниот и Одборот за ревизија на Силкроуд банка АД Скопје. Од декември 2017 година до ноември 2022 година беше член на Надзорниот одбор на ЕВН Македонија. Од октомври 2018 година до септември 2019 година беше член на Надзорниот одбор на Стрмош АД Пробиштип.Од октомври 2022 година до мај 2023 година беше член на Одборот на директори на Динерс клуб интернационал МАК Скопје. . Од јули 2024 година до март 2025 година беше член на Одборот на директори на АД Раде Кончар-Апаратна техника Скопје. Од март 2025 година е член на Надзорниот одбор на Македонијатурист АД Скопје. Од август 2025 година е член на Надзорниот и Одборот за ревизија на Силкроуд банка АД Скопје.

Во изминатиот период редовно учествува како предавач на Обуките за брокери и инвестициски советници на темите поврзани со Етика и етички стандарди и управување со портфолио на клеинти во организација на Комисијата за хартии од вредност. Во 2019 и 2020 година предава на обуката за Портфолио Менаџер во организација на Академија за Банкарство и Информатичка Технологија-АБИТи Комисија за хартии од вредност. Исто така, во изминатиот период како гостин предавач учествува на предавања на Економскиот факултет на Универзитетот Св. Кирил и Методиј и на American college Скопје, на теми поврзани со управување со портфолио, етика и инвестирање во хартии од вредност.

ИЗЈАВА

Јас, Горан Марковски, со адреса на живеење на ул.********** во Скопје и број на лична карта ********** , со оваа Изјава давам согласност да бидам кандидат за член на Надзорен Одбор на ГД Гранит АД Скопје, кој избор ќе се гласа на седница на Собранието на акционерите на Друштвото која ќе се одржи на 18.05.2026 година.

Исто така, под полна материјална, морална и кривична одговорност изјавувам дека немам блокирана сметка кај носител на платен промет, немам изречена забрана за вршење професија, дејност или должност, немам правосилна одлука од надлежен суд за сторено кривично дело лажен стечај, предизвикување стечај со несовесно работење, злоупотреба на постапка за стечај, оштетување или повластување на доверители и немам судир на интереси со Друштвото.

Изјавувам дека до верификацијата, односно почетокот на мојот мандат ќе ги обезбедам сите документи кои ќе послужат како доказ на погореизјавеното. Во спротивно, согласен сум да ги сносам сите направени трошоци кои би настанале како резултат на неисполнувањето на мојата Изјава.

Согласно Законот за трговски Друштва, Кодексот за корпоративно управување на Македонската Берза и Кодексот за корпоративно управување на ГД Гранит АД Скопје, за себе ги давам следниве податоци, со цел истите да бидат достапни за акционерите на Друштвото:

1. Возраст: 50 години
2. Пол: машки
3. Образование: Дипломиран економист
4. Други професионални квалификации: Магистер по економски науки, стекнат сертификат CFA
5. Работно искуство: 26 години
6. Компании во кои е стекнато работното искуство: Комерцијална банка АД Скопје, КБ Брокер АД Скопје, Фокусинвест АД Белград и КБ Инвест АД Скопје.
7. Друштва во кои сум бил или моментално сум член на Управен Одбор, Надзорен Одбор и/или Одбор на Директори или сум вршел поважни функции:

| Период од/до (месец/година) | Име, седиште и основна дејност на работодавецот | Работно место/функција, краток опис на работните задолженија и овластувања за одлучување |
|---|---|---|
| 01.02.2009 – | КБ Инвест АД Скопје Друштво | Главен извршен директор |

| | | |
|---|---|---|
| | за управување со инвестициски фондови | |
| 21.08.2025- | Силк роуд банка АД Скопје | Член на надзорен одбор |
| 10.03.2025-20.04.2026 | Македонијатурист АД Скопје | Член на надзорен одбор |
| 14.06.2016 – 28.04.2025 | Гранит АД Скопје | Член на надзорен одбор |
| 27.07.2024-10.03.2025 | АД Раде Кончар – Апаратна техника Скопје | Член на одбор на директори |
| 10.10.2022 – 05.05.2023 | Динерс клуб инернационал МАК Скопје | Член на одбор на директори |
| 11.12.2017 –15.11.2022 | ЕВН Македонија АД Скопје | Член на надзорен одбор |
| 10.2018–09.2019 | Стрмош АД Пробиштип | Член на надзорен одбор |
| 11.05.2016 – 30.06.2019 | Силк роуд банка АД Скопје | Член на надзорен одбор |
| 01.12.2007-23.3.2011 | Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје | Член на одбор на директори |
| 21.01.2008- 21.01.2009 | Комерцијална банка АД Скопје | Директор на дирекција за вршење услуги со хартии од вредност |
| 15.10.2007-31.12.2007 | Фокусинвест АД Белград | Портфолио менаџер |
| 01.01.2006-21.01.2008 | КБ Прво пензиско друштво АД Скопје | Член на инвестициски одбор |
| 01.06.2005-21.01.2008 | Комерцијална банка АД Скопје | Директор на дирекција за работа со останати финансиски инструменти |

8. Број на акции во ГД Гранит АД Скопје: 0
9. Број на акции во други Друштва:

| Назив на Друштвото | Седиште на Друштвото | Вид и количина на финансиски инструменти |
|---|---|---|
| Комерцијална банка АД Скопје | Скопје | 600 акции |
| Унибанка АД Скопје | Скопје | 250 акции |

10. Заеми и други обврски кои ги имам кон ГД Гранит АД Скопје: Немам.

Исто така изјавувам и потврдувам дека, имајќи ги во вид сите мои работни обврски и ангажмани, имам доволно простор и времен за да сум активно достапен и конструктивно да учествувам во дискусиите и

одлучувањето на надзорниот одбор согласно информациите обезбедени во Информациите за членување во Надзорен одбор на ГД Гранит АД Скопје.

Во Скопје, на ден 20.04.2026 година

Изјавата ја дава:

______________________________

Горан Марковски

**КРАТКА БИОГРАФИЈА**

Д-р Александар Стојков е редовен професор на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на научната област економски науки. Роден е во Скопје во 1976 година. Докторирал на Универзитетот Стафордшир во Велика Британија во 2009 година, а во рамките на стипендиската програма, се стекнал и со последипломски сертификат за примена на квантитативни економски методи. Во 2010-11 година остварил постдокторски истражувачки престој во Монтреал (Канада). Своите додипломски и постдипломски студии по економија ги завршил со висок просечен успех на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“.

Стојков бил ангажиран како надворешен консултант на Министерството за финансии, Министерството за економија, Светската банка, Организацијата за безбедност и соработка во Европа (OSCE), Мрежата на асоцијации на единиците на локална самоуправа од Југоисточна Европа (NALAS), Европската комисија, Развојната програма на Обединетите нации (UNDP), Агенцијата на САД за меѓународен развој и др. Извршувал повеќе функции како член на Одборот на директори на „Македонски Телеком“ ад Скопје, Управниот одбор на МАПАС, неизвршен надворешен член на Комисијата за хартии од вредност, член на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование, надворешен член на Советот на Народната банка и член на Одборот на директори на Централниот депозитар за хартии од вредност. Стојков е автор и коавтор на бројни научни трудови, книги и студии, главно од областа на меѓународната макроекономика, корпоративните, јавните и локалните финансии. Во ноември 2024 година ја добил наградата за најдобар научник на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје од областа на општествените науки.

Тој е и активен член на Американската асоцијација на економисти и Асоцијацијата за меѓународна трговија и финансии.

И З Ј А В А

Јас, АЛЕКСАНДАР СТОЈКОВ, со адреса на живеење на ул. ххххххххххх во општина ххххххххххххххххх во Скопје и број на лична карта хххххххххххххххх, со оваа Изјава давам согласност да бидам кандидат за член на Надзорен Одбор на ГД Гранит АД Скопје, кој избор ќе се гласа на седница на Собранието на акционерите на Друштвото која ќе се одржи на 18.05.2026 година.

Исто така, под полна материјална, морална и кривична одговорност изјавувам дека немам блокирана сметка кај носител на платен промет, немам изречена забрана за вршење професија, дејност или должност, немам правосилна одлука од надлежен суд за сторено кривично дело лажен стечај, предизвикување стечај со несовесно работење, злоупотреба на постапка за стечај, оштетување или повластување на доверители и немам судир на интереси со Друштвото.

Изјавувам дека до верификацијата, односно почетокот на мојот мандат ќе ги обезбедам сите документи кои ќе послужат како доказ на погореизјавеното. Во спротивно, согласен сум да ги сносам сите направени трошоци кои би настанале како резултат на неисполнувањето на мојата Изјава.

Согласно Законот за трговски друштва, Кодексот за корпоративно управување на Македонската Берза и Кодексот за корпоративно управување на ГД Гранит АД Скопје, за себе ги давам следниве податоци, со цел истите да бидат достапни за акционерите на Друштвото:

1. Возраст: 49 години
2. Пол: машки
3. Образование: Доктор на науки
4. Други професионални квалификации: Докторат на Универзитетот Стафордшир во Велика Британија во 2009 година, последипломски сертификат за примена на квантитативни економски методи во 2008 година, постдокторски истражувачки престој во Монтреал (Канада) во 2010-11 година.

5. Работно искуство: 26 години
6. Компании во кои е стекнато работното искуство: Правен факултет „Јустинијан Први" (Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје), Министерство за финансии, Интеруниверзитетски центар за истражување и анализа на организации во Монтреал (Канада).

7. Друштва во кои сум бил или моментално сум член на Управен Одбор, Надзорен Одбор и/или Одбор на Директори: (1) Поранешни ангажмани: член на Одборот на директори на „Македонски Телеком" АД Скопје; член на Надзорен одбор на ОХИС ад Скопје, член на Надзорен одбор на Македонска пошта ад Скопје. (2) Сегашен ангажман: неизвршен член на Одборот на директори на

Централниот депозитар за хартии од вредност ад Скопје.

8. Поважни функции: Поранешни - надворешен член на Советот на Народната банка, член на Управниот одбор на Агенција за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС), неизвршен надворешен член на Комисијата за хартии од вредност, член на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование.

9. Број на акции во ГД Гранит АД Скопје: 10

10. Број на акции во други друштва: Алкалоид ад Скопје (5 обични акции); Комерцијална банка ад Скопје (87 обични акции); Македонски Телеком ад Скопје (50 обични акции)

11. Заеми и други обврски кои ги имам кон ГД Гранит АД Скопје: Немам.

Исто така изјавувам и потврдувам дека:

1. Не сум член на потесното семејство на лице кое во последните 5 (пет) години било член на Управниот Одбор на ГД Гранит АД Скопје;
2. Не сум Управител и/или сопственик на Друштво кое дава консултантски услуги на Друштвото и/или на негови поврзани друштва;
3. Не сум значаен клиент или добавувач на Друштвото или на негово поврзано друштво, и не сум лице поврзано со значаен клиент и/или добавувач на Друштвото или неговите поврзани друштва;
4. Не сум член на орган на управување на непрофитна организација што добила значително финансирање од Друштвото или од неговите поврзани друштва;
5. Во последните пет години, не сум бил партнер или лице вработено во друштво за ревизија што вршело ревизија на Друштвото или на неговите поврзани друштва.

Во Скопје, на ден 17.04.2026 година

Изјавата ја дава:

АЛЕКСАНДАР СТОЈКОВ
(име и презиме и своерачен потпис)